ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-4165/2
10.09.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-4165/1 од 25.08.2025 година, поднесено о[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-4165/1 од 25.08.2025 година, поднесено о[redacted]о кое се бара информација од јавен карактер:

-Дали седниците на собранието се емитуваат на веб страната на општината, на некоја од социјалните мрежи на општината и/или на You Tube каналот на општината или интегралниот запис од сесијата е достапен на веб страната на општината,. На некоја од социјалните мрежи на општината или на You Tube каналот на општината?

-Дали постојат дефинирани редовни термини за средба на градоначалникот со граѓаните?

-Дали општината спровела анкета за задоволството на граѓаните, корисници на услугитена општинската администрација, во последните четири години и на кој начин, или ги користела резултатите од истражувањата спроведени од друга институција или организација?

-Информации за сите јавни претпријатијаи јавни установиосновани од општината:

Датум на назначување на директор по јавен конкурс

Датум на назначување на актуелниот вршител на должноста директор на јавни претпријатија и јавни установи во кои не е назначен директор

Датум на назначување на директор на јавни установи назначени без јавен конкурс

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

-Седниците на Советот на Општина Велес во живо се емитуваат на You Tube каналот на Општина Велес и на социјалните мрежи на општината. Седниците интегрално се достапни и на веб страната на Општина Велес.
-Градоначалникот на Општина Велес редовно има средби со граѓаните на Велес. Во зависност од агендата, термините за средби однапред се утврдуваат и се комуницираат граѓаните кои претходно побарале средба со градоначалникот. Средбите меѓу градоначалникот и граѓаните се одржуваат еднаш неделно.
-Општина Велес не спровела анкета за задоволството на граѓаните, корисници на општинските услуги. Но преку секојдневна посредна и непосредна комуникација со граѓаните кои ги користат општинските услуги, општината има увид во задоволството/незадоволството на граѓаните.
-По објавен јавен конкурс за директор на Локалната установа Народен музеј Велес е именуван Ангел Коруновски, дипломиран вајар со конзервација и реставрација на ден 27.12.2022 година, со мандат од четири години.
-По објавен јавен конкурс за директор на Јавното претпријатие „Парк-спорт и Паркинзи" Велес е именуван Зоран Јаневски, дипломиран инженер по заштита при работа на ден 14.02.2024 година, со мандат од четири години.
-По објавен јавен конкурс за директор на Јавно комунално претпријатие „Дервен" е именуван Горанчо Наунчев, дипломиран инженер технолог по базно неорганско инженерство на ден 12.04.2022 година.
-По објавен јавен конкурс за директор на Локална библиотека „Гоце Делчев" Велес е именувана Снежана Бошевска, дипломиран професор по одделенска настава на ден 01.03.2022 година, со мандат од четири години.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*